Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Се прогласува Законот за изменување на Законот за Владата на Република Македонија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 20 март 2006 година.

Број 07-1229/1
20 март 2006 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

# З А К О Н
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 59/2000, 12/2003 и 55/2005), членот 14 се менува и гласи:

"Претседателот на Владата ужива имунитет, како и пратениците во Собранието на Република Македонија. За неговиот имунитет одлучува Собранието."

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".